Врз основа на член 172 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018" и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021"), Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово, се објавува

# К О Н К У Р С

за избор-реизбор на наставници во сите наставно-научни звања на Универзитетот во Тетово

Се објавува Конкурс за избор-реизбор на наставници во сите наставно-научни звања на Универзитетот во Тетово:

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Граѓанско право (50803 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
2. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Уставно право (50814 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
3. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Меѓународно јавно право (50806 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
4. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Граѓанско право (50803 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
5. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Слободи и човекови права, Вовед во право (50818, 50800 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**Услови за наставно-научно звање доцент, вонреден и редовен професор:**

• одлука за избор во наставно-научно звање од компетентен орган, доколку има;
• диплома од завршени додипломски студии;
• диплома од завршени магистерски студии;
• диплома за научното звање доктор по науки од научната област во која се избира;
• кандидатите кои конкурираат треба да имаат континуитет во студиите од соодветната област;
• список за објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
• кратка биографија (CV);
• да го приложи трудот од докторската дисертација;
• потврда за познавање странски јазик;
• познавање на албанскиот јазик – пишување и читање;
• извод од матичната книга на родените;
• уверение за државјанство.

*****Кандидатите треба да ги исполнуваат условите за избор во наставно-научни звања предвидени со член 166 од Законот за високото образование.

*Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ја доставaт во рок од 5 работни дена, од денот на објавувањето на Конкурсот, во Архивата при Ректоратот на Универзитетот во Тетово, на адреса: Ректорат на Универзитет во Тетово, ул. Илинденска, б.б. Тетово.

**Универзитет во Тетово**